# ЗНМ: Директорот на топланата „Скопје Север“ да си поднесе оставка поради грубите навреди кон новинарка

26/11/2022 15:57

МОЖНОСТ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА РАТИ

КОНТАКТИРАЈ НÉ




Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) бара директорот на топланата „Скопје Север“ Куштрим Рамадани веднаш да си поднесе оставка поради груби навреди кои ги упатил кон новинарката Катерина Додевска од МКД.мк.

## Најчитани

Оваа година ќе владее бројот 7: Проверете што ви носи

– Наместо одговор на легитимно поставено новинарско прашање за работата на топланата !Скопје Север“, директорот Куштрим Рамадани упати груби навреди и омаловажувања кон новинарката Катерина Додевска од МКД.мк. Во телефонски разговор помеѓу колешката Додевска и директорот Рамадани, поврзан со тема околу дозволите на оваа топлана, Рамадани на груб начин со недоличен речник ја пцуе новинарката со зборовите „Пи*ка ти материна… матер ти е*ам!“, се вели во соопштението од ЗНМ.

ЗНМ алармира дека ваков однос кон новинарите и медиумските работници од страна на одговорни лица е недозволив и непримерен.




– Лична пресметка со новинарите или медиумските работници во ниту еден случај не може да биде оправдана и затоа овој однос може да води кон самоцензура. Ваквиот однос претставува и притисок на слободата на информирањето на јавноста и загрозување на јавниот интерес, наведуваат од ЗНМ.

Директорот Рамадани исто така, како што додаваат, според разговорот објавен на Мкд.мк, се заканува со тужба на новинарката Додевска без никаква основана причина што дополнително, според нив, говори за нискиот капацитет за професионална комуникација.

09/01/2023 10:20

Конечно дознавме зошто древниот…

09/01/2023 12:30

Списоците на корисници на…

05/01/2023 11:43

Колку шолји кафе може да поднесе…

06/01/2023 21:04

Дознајте како Марс во директно…

09/01/2023 14:48

Професорка во САД покажа слика од…

09/01/2023 18:30

– ЗНМ стои на располагање на колешката Додевска за бесплатна правна помош и за застапување на суд во врска со овој случај, посочуваат од ЗНМ.

## ПОВРЗАНИ СОДРЖИНИ

**Најстудено на Попова Шапка**

12/01/2023 08:01

**Одбележување 15 години од хеликоптерската несреќа во која загинаа припадници на воздухопловниот ВИНГ**

12/01/2023 07:01

**Вевчани пулсира во традицијата, сè е подготвено за Вевчанскиот карневал**

12/01/2023 07:01

**Облачно и студено со сончеви периоди**

12/01/2023 07:01





